ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **12.12.2022 година** во 12:30 часот во Мала сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**,Секретар на Општина Крива Паланка **Антонио Давитковски,** Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски** Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура **Маја Костадиновска,**Раководител на одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,**Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**,Раководител на одделение за човечки ресурси **Игор Додевски,**Раководител на одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на одделение за финансиски прашања **Марија Златановска**, Раководител на Одделение за јавни дејности,локален економски развоји информатичка технологија со овластување,**Валентина Ангеловска,** Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски,** Директорот на ЈП Комуналец **Миле Марковски и Драган Цвијовиќ**-подршка на градоначалникот.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар на Општина Крива Паланка**

Задолженија за Секретар на општината кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиум на ден 12.12.2022 година

-Да се види околу реализација на договорите и да се направи пресек и пренос за 2023 година во координација на раководителите на одделенијата со раководителката на финансиски прашања;
-Да се види со понудата за СМАРТ осветлување;
-На дневна основа да се доставува писмен извештај до раководителите околу контрола и евиденција за редовноста на вработените;
-Да се следи состојбата со одлуките на Владата на РСМ за јавното осветлување;
-Да се среди со контролните броила за подрачните единици на министерствата;
-Да се продолжат активностите околу апликација РСМ/ Р.Косово за с.Градец;
- Да се одговарааат редовно сите барања поднесени од страна на граѓаните кои се доставени преку интерна книга;
-Да се разгледа и посвети внимание на прегледот за високи ризици од страна на ревизорот на општината;

-Тековни активности

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Задолженија за раководителот на Сектор за општи и правни работи ,финансиски прашања и локален економски развој кои треба да ги изврши во наредниот период акои произлегуваат од колегиум на ден 12.12.2022 година

-Да се продолжат активностите околу проектот ,,1 денар за спорт'', да се направи концепт и да се направи измена на програмата;
-Да се преземат активности околу одлуките што треба да се донесат и ќе важат од 01.01.2023 година;
-Да се види за кои одлуки ќе треба правилници;
-За програмските активности да се види каде ќе треба меморандум за соработка;
-Да се разгледа и посвети внимание на прегледот за високи ризици од страна на ревизорот на општината;

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Задолженија за Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура кои треба да ги изврши во наредниот период акои произлегуваат од колегиум на ден 12.12.2022 година

-Да се види околу проектирањето за :

Со ,, АКВА'' за с.Мождивњак и Трнци;

Со ,,МГ''   за Вирови грамаѓе,детски игралишта и Калин Камен;
Со ,,Параметар'' за да работи паралелно на инфраструктура и проектите;
Со ,,ЕУРО-РОАД'' за главната улица и улица ,,Илинденска'' (да се опфатат сите краци);

- Да се преземат активности околу проектирање на зонското паркирање во најбрз можен рок;

-Да се види околу урбанизација на депонијата за инертниот отпад во најбрз можен рок;

-Да се види за успорувачите во сообраќај на утврдените локации каде треба да бидат поставени во најбрз временски период;

- Да се даде налог за урбанизација на државни парцели за поставување на фотоволтаици;

-Да се види во МОН за проектот за ,,дом за стари лица'' и тоа ургентно да биде разгледано;

-Да се види околу локацијата за детско игралиште во градинка со Флекс кредити донација и МСА;

-Да се преземат поитни активности за парцелите на ,,Калин Камен'' и ,,Треска'';

-Да се разгледа и посвети внимание на прегледот за високи ризици од страна на ревизорот на општината;

- Тековни активности

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Задолженија за одделение за финансиски прашања кои треба да ги изврши во наредниот период,  а кои произлегуваат од колегиум на ден 12.12.2022 година

-Да се види околу реализација на договорите;

-Да се одржи состанок со проценителите за да се разгледа можноста за репроценка на недвижен имот во 2023 година;

- Да се разгледа и посвети внимание на прегледот за високи ризици од страна на ревизорот на општината;

-Тековни активности

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Задолженија за одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура кои треба да ги изврши во наредниот период  акои произлегуваат од колегиум на ден 12.12.2022 година

-Да се види за канализациите во населба,, Бегови бавчи'',,Цонев рид'' и кај Велимир;

-Да се види со ,,Белешков'' за скалите во Трновска маала и останатите работи дадени во налогот;

-Да се види за приклучоците на колекторот;

-Да се преземат активности околу патот во ЧИВЛК;

-Да се види за фитнес зоната;

-Да се одговори на барањата поднесени од страна на граѓаните во најбрз можен рок;

-Да се преземат активности  околу одобренијата за градба за ,,Дурачка Река'' улица ,,Илинденска ''и с.Мождивњак;

-Да се одржи состанок  за колекторот со ЈП,, Комуналец'' и месното население од тој дел на градот;

-Да се исконтактира со ЕВН за с.Мождивњак;

- Да се разгледа и посвети внимание на прегледот за високи ризици од страна на ревизорот на општината;

-Тековни активности

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Задолженија за одделение за јавни дејности,локален економски развој и информатичка технологија кои треба да ги изврши во наредниот период, ако и произлегуваат од колегиум на ден 12.12.2022 година

-Да се прати писмо до Министерство за економија за иницијатива за недела да биде работен ден за угостителството и трговијата;
-Да се види за апликација за ,,дом за стари лица'' во најбрз можен рок;
-Да се разгледа и посвети внимание на прегледот за високи ризици од страна на ревизорот на општината;

-Тековни активности.

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Задолженија за одделение за човечки ресурси кои треба да ги изврши во наредниот период акои произлегуваат од колегиум на ден 12.12.2022 година

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Задолженија за одделение за правни и општи работи кои треба да ги изврши во наредниот период акои произлегуваат од колегиум на ден 12.12.2022 година

-Да се закаже Локален совет за превенција ;
-Да се види околу огласот за ,,градскиот базен '',с.Станци и с.Конопница;
-Да се преземат активности околу изборот на најдобар пожарникар,полицаец,комунален работник ,доделување на плакета и награда;
-Да се види околу договорот со ЈП ,,Комуналец'';
-Да се подготвува и кординира со одделенијата околу планот за јавни набавки;
-Да се спроведе одлуката за размена на камионите;
- Да се разгледа и посвети внимание на прегледот за високи ризици од страна на ревизорот на општината;

-Тековни активности

**Одделение за инспекциски надзор**

Задолженија за одделение за инспекциски надзор кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиум на ден 12.12.2022 година

-Да се даде налог и да се контролира метењето на споредните улици;
-Да се изготви Одлука за чистење на селските гробишта;
-Да се контролираат по изготвен список ,доловите решетките и каналите и истите дали се исчистени;
-Да се опоменат корисниците на кућичките да не излегуваат од нивниот простор што им е одреден и да не излегуваат на улица;
-Да се исконтролира генералката на пазарот со пристапот;
-Да се направи состанок со ,,Македонски шуми'' за дрвјата и врбите во с.Градец и за речното корито;
- Да се разгледа и посвети внимание на прегледот за високи ризици од страна на ревизорот на општината;

-Тековни активности

**ЈП Комуналец**

Задолженија за ЈП Комуналец кои треба да ги изврши во наредниот период, ако и произлегуваат од колегиум на ден 12.12.2022 година

-Да се обноват клучките во градот и градскиот плоштад;
-Да се стават во функција сите метларки ,ножот,мулчерот,приколката и соларката;
-Да работат машините на чистење на доловите по списокот;
-Да се метат споредните улици и да се врши контрола по сработеното;
-Да се направи генералка на пазарот,патеката и тротоарите;
-Да се уреди речното корито пред сеење и подготовка на сеење;
-Да се изврши чистење на складот за отпад и да се направи оградување;
-Да се организира оставање на материјал за зимско одржување во селата Подржикоњ,Нерав И Калин Камен;
-Да се изврши чистење на патот до с.Мождивњак;
-Да се види за дрворедите ,тротоарот,речното корито и Бабин дол во најбрз можен рок
-Да се отстранат корењата од речното корито;
-Да се исчистат селските долови : Нимулија ,Единство,кај Карпош(Марнес),во Белево,на Вршачка,кај Веибо,склад кај Комуналец,Домачки дол,кај Вавилон центарот ,кај паднени бандеридо полигонот и др.
-Да се исчистат следниве каналите на следните локации: кај Марнес ,во црвена нива,кај тениско и др.
-Да се исчистат решетките на следните локации ,,Карпош'', на Градски плоштад, на главната улица и др.
- Да се разгледа и посвети внимание на прегледот за високи ризици од страна на ревизорот на општината;

-Тековни активности

**ЛУ Градски Музеј**

Задолженија за ЛУ Градски музеј кои треба да ги изврши во наредниот период  акои произлегуваат од колегиум на ден 12.12.2022 година

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

Седницата на Совет на општина ќе се одржи на ден 22.12.2022 година,достава на материјали од страна на одделенијата  и кординација со кординаторите на советничките групи ке се закаже за ден 15.12.2022 година како  доставување на материјалите до советниците.

**12.12.2022 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**